Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од областа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од областа на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 88

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Согласно со Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 64/2000), како и указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование, од 1.8.2008 година, за избор во наставно-стручни и соработнички звања и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, на седницата одржана на 24.12.2008 година, избра Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Драги Михајловски, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател),
2. проф. д-р Владимир Цветковски, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член),
3. проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член),

за избор на наставник во наставно-стручно звање виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По разгледувањето на приложените документи, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со Конкурсот, објавен во весникот „Дневник“ на 27.11.2008 година, за избор на еден наставник во наставно-стручно звање виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет се пријавија: м-р Снежана Кирова, виш лектор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Дејан Панев, дипломиран филолог по англиски јазик, на Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ - Благоевград, Р. Бугарија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Дејан Панев** е роден на 1 септември 1984 година во Штип. Средно образование завршува во гимназијата „Славчо Стојменски“, а високо образование во Благоевград, Р. Бугарија, на Јужен универзитет „Неофит Рилски“, на групата Англиска филологија – наставна насока, каде што по дипломирањето се запишува на постдипломски студии, на истата насока.

Кандидатката **Снежана Кирова** е родена на 5 декември 1957 година во Српска Црња, Р. Србија. Основно и средно образование (гимназија – природно-математичка насока) завршува во родното место, со континуиран одличен успех. На Филолошкиот факултет при Универзитетот во Белград, група Англистика, се запишува во 1976 година, а дипломира во 1980 година.

Своето понатамошно усовршување веднаш го продолжува на истиот факултет, на постдипломско ниво во учебната 1980/81 година. По положувањето на сите испити, предвидени со програмата за постдипломски студии, успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов *„Социјална тематика во некои романи на Катарина Сузана Причард“,* во 1984 година, и се стекнува со академски степен *магистер на филолошки науки.*

Во периодот 1983-1986 година работи како професор по англиски јазик во гимназија-та во Свети Николе.

Од 1986 година до 1993 година работи како инокореспондент во Текстилниот комбинат „Македонка“, каде се стекнува со широко познавање на англискиот јазик од областа на текстилството.

Како професор по англиски јазик работи во основните училишта во Пробиштип, во периодот од 1993 до 1996 година, кога предава и во гимназијата во Пробиштип.

Во 1996 година на седница на Матичната комисија за основање на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е избрана во звање *предавач* по предметот Англиски јазик на насоките Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Педагошкиот факултет во Штип.

Во 2000 година е избрана за виш предавач по предметот Англиски јазик на двете насоки на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2005 година е избрана за виш лектор по предметот Англиски јазик на двете насоки на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во текот на своето работење на Педагошкиот факултет, таа ги предава предметите: Англиски јазик 1 и 2, Англиски јазик изборен предмет - напреден курс и Англиски јазик изборен предмет – втор странски јазик, почетен курс. Исто така, Кирова ги предава и предметите Основи на англоамериканската цивилизација и култура и Јазични вежби на Модулот за рано учење на англиски јазик на двете насоки.

Од почетокот на 2008 година, како виш лектор по англиски јазик, ги предава предметите: Лекторски вежби по англиски јазик (група Англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет), Англиски јазик (насока Одделенска настава на Педагошки факултет) и Англиски јазик 1 и 2 (Факултет за информатика).

Своето академско усовршување м-р Снежана Кирова го започнува уште од 1996 година, кога на седницата на Матичната комисија за основање на Педагошкиот факутет во Штип е избрана во звање *предавач*, успешно изведувајќи настава и вежби по предметот Англиски јазик. Својот академски пат го продолжува со звање *виш предавач*, при што успешно изведува настава и вежби по наставните предмети на кои е избрана.

Во текот на својата работа на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и сега при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Кирова има учествувано на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции, како од областа на образованието и воспитанието, така и од областа на својата тесностручна усовршеност од областа на филолошките науки.

***Стручна и наставно-научна активност***

Во изборниот период, м-р Снежана Кирова учествува на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции во земјава и надвор од неа, како од областа на образованието и воспитанието, така и од областа на својата тесностручна усовршеност, од областа на филолошките науки, при што има објавено поголем број на стручни и научни трудови.

***Учество на семинари***

- 2-4 декември 2005 година, Охрид, Прв семинар за наставнички кадри од Педагошките факултети, „Креативна настава и учење“.
- 29 јануари-1 февруари 2006 година, Охрид, Втор семинар за наставнички кадри од Педагошките факултети, „Креативна настава и учење“. Развој на курикулуми во светлото на Болоњскиот процес - ЕКТС како врска меѓу академското признавање, квалификационата рамка и обезбедувањето на квалитетот.
- 14-17 септември 2006 година, Охрид, Семинар за обновување на студиските програми за образование на наставници, Креативна настава и учење.

- 24-26 ноември 2006 година, Охрид, Семинар - Обука за образование за социјална правда.
- 16-18 март 2007 година, Охрид, Обука за образование за социјална правда.
- Семинар „Комуникација во образование – менаџмент во училница“, Trakya University, The Faculty of Education, 1.5.2006 – 2.5.2006, Edirne, Turkey како предавач на семинарот за што го приложува сертификатот.

***Учество на симпозиуми, конгреси и конференции***

– Септември 2004 г., Прв конгрес на еколози на Црна Гора, Тиват, Р. Црна Гора.
– 7-10 октомври 2004 година, 2nd International Balkan educational congress, Edirne, R. Turkey.
– 1-2 ноември 2004 г., Јубилејна научна конференција – 20 години Педагогически факултет, Пловдивски универзитет „Паисии Хилендарски“, Пловдив, Р. Бугарија.
– 8-9 јуни 2005 година, International Scientific Conference, Faculty of mathematics and natural sciences, Blagoevgrad, R. Bulgaria.
– 19-21 May 2005, Balkan Scientific Conference of Biology, Plovdiv, R. Bulgaria.
– 1-2 април 2005 година, Втора интернационална научно-стручна конференција, Информатика, образовна технологија и нови медији у образовању, Сомбор, Р. Србија и Црна Гора.
– 22-24 септември 2005 година, Трет интернационален балкански научен конгрес, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип, Р. Македонија.
– 8-9 мај 2006 година, Научна конференција „Национални култури и европеиска идентичност ЕВРОАРТ 2006“, Благоевград, Р. Бугарија.
– 20-24 септември 2006 година, II International symposium of ecologist of Montenegro, Kotor, R. Montenegro.
– 27-28 октомври 2006 година, Јубилејна научна конференција „Педагогическото образование в Бугарија: Состојби и тенденции“, Благоевград, Р. Бугарија.
– 26-27 јануари 2007 година, IV међународни симпозиум под називом: ТЕХНОЛОГИЈА, ИНФОРМАТИКА И ОБРАЗОВАЊЕ ЗА ДРУШТВО УЧЕЊА И ЗНАЊА, Институт за педагошка истраживања, Природно-математички факултет, Нови Сад, Р. Србија.
– 7-11 мај 2007 г., „Евроарт 2007“, Благоевград
– June 2008, IV International Scientific Conference: Contemporary intentions in education, University “Ss. Cyril and Methodius” – Skopje, Faculty of Pedagogy “St. Clement of Ohrid”-Skopje, Ohrid

***Работа на проекти***

1. 2005-2008 „Creative teaching/learning”, USAID, FOSIM (учесник)
2. 2008- во тек, „Local employment, education and training initiatives” - „Joint Days of Lifelong Learning” (Neighborhood Programme Bulgaria – Republic of Macedonia), Ministry of Regional Development and Public Works, Bulgaria & Europen Agency for Reconstruction, Skopje, Macedonia (учесник)
3. TEMPUS JEP 2005 Integrating E-Learning across Teachers Curriculum

***Организационо-развојна дејност***

– Член на Наставно-научен совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
– Претседател на Комисија за разгледување на молби од студенти на Филолошки

факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.
- Член на Комисија за упис на студенти на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

***Објавени трудови по избор во виш лектор***

Список на научни и стручни трудови за рецензија, објавени и презентирани во периодот од претходниот избор во звањето виш лектор:

1. Snezana Stavreva-Veselinovska, **Snezana Kirova**: *The importance of young children's relation with nature for children development and the future of the Earth*, International Scientific Conference, Faculty of mathematics and natural sciences,South-West University "Neofit Rilsky" Blagoevgrad, Volume 1,Bugaria, 8-9 06. 2005, pp 280-282.
2. Snezana Stavreva-Veselinovska, **Snezana Savin-Kirova**, *Globalized thinking as a means of reaching a promising future for both mankind and Earth,* Balkan Scientific Conference of Biology, Plovdiv, Bulgaria, 19-21 may 2005, pp. 511-516.
3. **Snezana Savin-Kirova**, Snezana Stavreva-Veselinovska, *Комбиновање наставних садржаја екологије и енглеског језика (практичан час),* Втора интернационална научно-стручна конференција, Информатика, образовна технологија и нови медији у образовању, 1-2 април 2005 г., Сомбор, Р. Србија и Црна Гора, pp. 164-167.
4. **Snezana Kirova,** *Interculturality in language teaching incorporating culture into teaching foreign languages,* The Third International Balkan Scientific Congress, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje, Pedagogical faculty "Gotse Delchev", Interculturality in the educational process, Shtip, Macedonia, 22-24 September, 2005, pp. 491-493.
5. Tatjana Atanasova-Pachemska**, Snezana Kirova,** *Should children in preschool institutions learn elementary mathematical operations of addition and subtraction and how this should be done,* The Third International Balkan Scientific Congress, University "St. Cyril and Methodius" – Skopje, Pedagogical faculty "Gotse Delchev", Interculturality in the educational process, Shtip, Macedonia, 22-24 September, 2005, pp. 494-498.
6. Jordan Zivanovic, Snezana Stavreva-Veselinovska, **Snezana Kirova:** *Global ecological collapse or new phenomenology of human relation to nature,* Факултет по изкуствата, Меѓународна научна конференција: Национални култури и европеиска идентичност, Југозападен универзитет „Неофит Рилски", мај 2006 г., Благоевград, Р. Бугарија, стр. 188-190.
7. Snezana Stavreva-Veselinovska, **Snezana Kirova**, *Human development ecology***,** II International symposium of ecologists of Montenegro, 20-24 09. 2006, Kotor, R. Montenegro, pp. 463-466.
8. Snezana Stavreva-Veselinovska, Snezana **Savin-Kirova**, *What can I teach my young child about the environment?,* Јубилејна научна конференција „Педагогическото образование в Блгариа: Съсояание и тенденции", 27-28 октомври 2006 г., Благоевград, Р. Бугарија.
9. Snežana Stavreva Veselinovska, **Snežana Kirova**: Integracija nekih nastavnih sadržina ekološkog vaspitanja sa učenjem engleskog kao stranog jezika, Četvrti međunarodni simpozijum pod nazivom Tehnologija, informatika i obrazovanje za društvo učenja i znanja, Институт за педагошка истраживања, Природно-математички факултет – Нови Сад, 26-27 јануари 2007 г., Нови Сад, Р. Србија, стр. 283-286.
10. Снежана Ставрева-Веселиновска, **Снежана Кирова**, *Stress and psychological ecology***,** Научна конференција - „Европа като културно пространство" (Улогата на искуството и науката во културното проектирање на Европа), 7-8 мај 2007 година, Југозападен универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Р. Бугарија.
11. Snezana Stavreva-Veselinovska, **Snezana Kirova**, *Integration of teaching contents of*

*teaching subjects ecological education and English as a foreign language,* IV International Scientific Conference: Contemporary intentions in education, University "Ss. Cyril and Methodius" – Skopje, Faculty of Pedagogy "St. Clement of Ohrid"-Skopje, June 2008, Ohrid, pp. 61-66.

**Табела**

**за вреднување на активностите на м-р Снежана Кирова, виш лектор, во реизборниот период 2005-2009 година, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 3 | 1 | 3 |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7 | 0,2 | 1,4 |
| Предавања (2+6+6+1)x1,5+6=28,5 | 15+6 | 1,5 | 28,5 |
| Вежби (4+7+7+11,5) | 29,5 | 0,2 | 5,9 |
| | | | **38,8** |

| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
|---|---|---|---|
| Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 15 | 15 |
| Секциско предавање на научен собир | 15 | 2/4 | 56 |
| Одржано предавање по покана од научна институција | 1 | 3 | 3 |
| Учесник во научен проект | 1 | 2 | 2 |
| Учесник во научен проект | 2 | 3 | 6 |
| | | | **82** |

| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
|---|---|---|---|
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 11 | 1/2 | 20 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 11 | 1,5/2 | 20,5 |
| Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | 6 |
| | | | **46,5** |

| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **167,3** |
|---|---|

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од приложената документација на кандидатот Дејан Панев, која се состои од нострифицирана диплома за завршени студии по англиска филологија и од Уверението за запишани магистерски студии - втор семестар, издадено од Универзитетот во Благоевград, Рецензентската комисија утврди дека **кандидатот Дејан Панев не ги исполнува** конкурсните услови, согласно со Законот за високото образование на РМ.

За кандидатката **м-р Снежана Кирова** Рецензентската комисија заклучи дека **ги исполнува условите** да конкурира за местото виш лектор по англиски јазик.

Квантитативната и квалитативната анализа на постигнувањата на кандидатката (НО+НА+ СОАР) го надминува пропишаниот минимум на поени. Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа, стекнати за време на нејзиното работење како предавач, виш предавач и виш лектор на Педагошкиот и, од оваа учебна 2008/2009 година, на Филолошкиот факултет и Факултетот за информатика, целокупната научна активност која е поврзана како со областа на англискиот јазик, така и на планот на стручно-педагошкото усовршување, учеството на симпозиуми и конференции, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката м-р Снежана Кирова да биде избрана во звање виш лектор по англиски јазик.**

Врз основа на приложената документација, констатиравме дека се работи за кандидатка со широк спектар на наставно-научна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност. Научните и стручните трудови излегуваат надвор од рамките на Република Македонија, што претставува уште една потврда за нивото на квалитет на кандидатот.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Драги Михајловски, редовен професор, претседател, с.р.**

**Д-р Владимир Цветковски, редовен професор, член, с.р.**

**Д-р Виолета Димова, вонреден професор, член, с.р.**